

КБ ПРВО ПЕНЗИСКО ДРУШТВО

**ИДНИНАТА, ДЕНЕС!**

www.kbprvo.com.mk

## АПРИЛ 2024

# МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ

## ЗА ФИНАНСИСКИ ДВИЖЕЊА

# ГЛАВНИ ДВИЖЕЊА НА СВЕТСКИТЕ ФИНАНСИСКИ ПАЗАРИ НА КАПИТАЛ

Глобалната економија полека се движи кон одредено поодржливо ниво на раст поткрепена од заздравувањето на трговијата и индустријата во светски рамки, но без големи очекувања за растот со оглед на моменталните услови на сѐ уште високи каматни стапки и инфалција која бавно се движи во надолна насока.

Глобалниот индекс MSCI ACWI во април оствари пад од 3,44%. Следено според региони, најголемо намалување од 4,16% забележа американскиот S&P 500 индекс, додека со минимален раст месецот го завршија акциите од брзорастечките економии прикажани преку MSCI Emerging Market индексот кој изнесуваше 0,26%. Од почетокот на годината, S&P 500 индексот останува со најголем принос од 5,57%, и блага предност пред STOXX 600 индексот каде се опфатени европските акции, чиј принос изнесува 5,41%.




MSCI Asia - Pacific - Индекс кој ги следи движењата на акциите во 13 земји од регионот Азија-Пацифик
MSCI Emerging Market - Индекс кој ги следи движењата на акциите во 25 земји во развој
STOXX 600 - Европски индекс на акции (котираат во 17 европски држави)
S&P 500 - Индекс на акции на 500 американски компании со најголема пазарна капитализација
MSCI ACWI - Светски индекс на акции кој ги следи цените на акциите во 47 држави

*Извор: Блумберг*



Супервизор на капитално финансирано пензиско осигурување е Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС)(02) 3224 229, www.mapas.mk

# ДВИЖЕЊЕ НА МБИ 10 ИНДЕКСОТ



Македонскиот берзански индекс МБИ 10 ја продолжи позитивната низа. Приносот за месец април изнесуваше 3,18%, со што достигна значителни 19,22% мерено од почетокот на оваа година. Од акциите компоненти на индексот, со најголем месечен принос од 11,11% е Македонијатурист, додека ТТК Банка и Алкалоид остварија минимално намалување од 0,19% и 0,10%, соодветно. Од почетокот на 2024 година според растот најмногу се издвојуваат банките, од кои НЛБ Банка како водечка бележи принос од 37,99%. Исклучок е ТТК Банка со раст од само 0,15% за овој период и воедно акција со најмал раст во структурата на индексот.




*Извор: Блумберг*

# ДВИЖЕЊА НА ПРИНОСИ НА ОБВРЗНИЦИ



Приносите на обврзниците во изминатиот месец завршија на повисоко ниво, за што како причини се наведуваат коментарите за задржување на основните каматни стапки на тековните нивоа уште некое време имајќи ја предвид инфлацијата која бавно се намалува. Дополнително на ова, присутни фактори се и разноликоста во глобалните макроекономски податоци и геополитичките фактори. На крајот од април, највисок принос од анализираните обврзници има македонската обврзница изнесувајќи 5,30%, додека најмала стапка на принос има јапонската обврзница, кој изнесува 0,88%.

*** Приносот се однесува на еврообврзница со датум на доспевање 03/10/2028**




*Извор: Блумберг*

# ДВИЖЕЊА НА ДЕВИЗНИТЕ ПАЗАРИ



На девизниот пазар, американскиот долар (USD) забележа зголемување на вредноста во однос на еврото за 1,17% и останува со најголем пораст следено од почетокот на 2024 година кој изнесува 3,50%. Од друга страна, вредноста на јапонскиот јен (JPY) и швајцарскиот франк (CHF) повторно оствари пад во однос на еврото, овој пат за 2,92% и 0,77%, соодветно. Во текот на оваа година, вредноста на јапонскиот јен (JPY) е намалена за 7,47%, додека на швајцарскиот франк (CHF) за 5,29%.

**Движење на светските валути во однос на еврото (EUR)**




● **Април**
● **Јан - Април**

*Извор: Блумберг*

Лектор: Каролина Накова

**ИДНИНАТА, ДЕНЕС!**
www.kbprvo.com.mk